МАКЕДОНСКА ТЕНИСКА ФЕДЕРАЦИЈА
Бр. 0202-3/6
02.04 2018 год.
СКОПЈЕ

Одлука бр.2

**Управниот одбор на Македонската тениска федерација на својата седница одржана** на ден 02.04.2018 година донесе

# ОДЛУКА

## за определување на висината на котизацијата за организација и учество на турнири од Календарот на МТФ и календарите на ТЕ и ИТФ во 2018 година

**I. Котизации кои ги плаќаат тениските клубови кон МТФ**

Член 1

- Котизацијата за организација на **Отворени турнири, Државните првенства и Екипни првенстава во категории 12, 14, 16, 18 години, мажи и жени** изнесува 9.000,00 денари.
- Котизацијата за организација на **Отворени првенства и Државните првенства во категорија Мажи и жени изнесува** 7.000,00 денари +150 денари по учесник во поединечна конкуренција и по пар во конкуренција на двојки.
- Котизацијата за организација на **Зимски Отворени првенства во категорија Ветерани изнесува** 7.000,00 денари +150 денари по учесник.
- Котизацијата за организација на **Отворени првенства и Државните првенства во категорија Ветерани изнесува** 7.000,00 денари +250 денари по учесник
- Котизацијата за организација на **меѓународни турнири од ТЕ и ИТФ во категории** 12, 14, 16, 18 **години и Ветерани** изнесува 6.000,00 денари. Тениските клубови организатори на меѓународни турнири од ТЕ и ИТФ ја плаќаат и котизацијатита кон ТЕ и ИТФ определена од нивна страна преку МТФ.
- Котизацијата за организација на **професионални турнири од ИТФ, АТП и ВТА** изнесува 10.000,00 денари. Тениските клубови организатори на **професионални турнири** од **ИТФ, АТП и ВТА** ја плаќаат и котизацијатита кон **ИТФ, АТП и ВТА** определена од нивна страна преку МТФ.
- Во случај на откажување на организација на **меѓународни турнири или професионален турнир, клубот кој аплицирал за организација на истиот ја плака и казната која ке ја одредат ТЕ, ИТФ, АТП или ВТА** преку МТФ, а истата се движи од 2000 до 5000 американски долари по турнир.
- Котизацијата за учество на екипа на тениски клуб во **Прва македонска лига** изнесува 6.000,00 денари.
- Котизацијата за учество на екипа на тениски клуб во **Ветеранска лига** изнесува 3.000,00 денари.

Член 2

Тениските клубови кои се организатори на турнирите/првенствата согласно календарот на МТФ должни се да ја уплатат котизацијата на сметката на МТФ наредниот ден по завршувањето на турнирот/првенството.

Член 3

Тениските клубови кои се пријавиле за учство во Прва Македонска лига или Ветеранска лига согласно календарот на МТФ должни се да ја уплатат котизацијата на сметката на МТФ најдоцна 3 дена пред одржувањто на натпреварите.

Член 4

МТФ за сите турнири, првенства и натпревари назначува делегат/врховен судија. МТФ врши исплата на делагатите/врховните судии согласно одлуката донесена од Управниот одбор на МТФ.

**II. Котизации кои ги плаќаат екипите на тениските клубови кон тенискиот клуб организатор на турнирот**

Член 5

- Котизацијата за учество на екипа на тениски клуб на **Екипни првенства, во категории** 12, 14, 16, 18 **години, мажи и жени** изнесува 1.500,00 денари.

Член 6

Тениските клубови кои се пријавиле за учество на првенствата согласно календарот на МТФ должни се да ја уплатат котизацијата на клубот организатор пред почетокот на првенството.

**III. Котизации кои ги плаќаат натпреварувачите кон тенискиот клуб организатор на турнирот**

Член 7

- Котизацијата за учество на секој натпреварувач на турнирите/првенствата од календарот на МТФ **во категории 12, 14, 16 и 18 години** изнесува:
  - За турнири од зимскиот календар 800,00 денари.
  - За турнири од летниот календар 600,00 денари.

- Котизацијата за учество на секој натпреварувач на турнирите/првенствата од календарот на МТФ **во категорија Мажи и Жени** со награден фонд до 61.500,00 денари (бруто) изнесува:
  - За турнири од зимскиот календар до 1.100,00 денари
  - За турнири од летниот календар до 900,00 денари.

За конкуренција двојки секој учесник на турнирот во двојки, а кој не настапува на турнирот поединечна конкуренција, е должен да плати половина од котизацијата за учество на турнирот.

- Котизацијата за учество на секој натпреварувач на турнирите/првенствата од календарот на МТФ **во категорија Мажи и Жени** со награден фонд од 61.500,00 денари (бруто) до 123.000,00 денари (бруто) изнесува:
  - За турнири од зимскиот календар до 1.300,00 денари
  - За турнири од летниот календар до 1.100,00 денари.

За конкуренција двојки секој учесник на турнирот во двојки, а кој не настапува на турнирот поединечна конкуренција, е должен да плати половина од котизацијата за учество на турнирот.

- Котизацијата за учество на секој натпреварувач на турнирите/првенствата од календарот на МТФ **во категорија Мажи и Жени** со награден фонд над 123.000,00 денари (бруто) изнесува:
  - За турнири од зимскиот календар до 1.500,00 денари
  - За турнири од летниот календар до 1.500,00 денари.

За конкуренција двојки секој учесник на турнирот во двојки, а кој не настапува на турнирот поединечна конкуренција, е должен да плати половина од котизацијата за учество на турнирот.

- Котизацијата за учество на секој натпреварувач на турнирите/првенствата од календарот на МТФ **во категорија Ветерани** изнесува:

- За поединечна конкуренција турнири од зимскиот календар 950,00 денари.
- За поединечна конкуренција турнири од летниот календар 850,00 денари.
-За конкуренција на двојки на турнири од летниот календар 850,00 денари по пар

- Котизацијата за учество на секој натпреварувач на турнирите од календарите на ТЕ и ИТФ **во категории 12, 14, 16, 18 години и Ветерани** ја определува клубот организатор согласно правилата на ТЕ и ИТФ.

Член 8

Натпреварувачите кои се пријавиле за учество на турнирите согласно календарот на МТФ должни се да ја уплатат котизацијата на клубот организатор пред почетокот на турнирот.

Член 9

Оваа одлука стапува во сила на денот на нејзиното донесување и се однесува на натпреварувачката 2018 година.

**Македонска Тениска Федерација**
Претседател на Управниот Одбор
Жарко Луковски

Скопје, 02.04.2018 година